РУРАЛНА КОАЛИЦИЈА
KOALICIONI RURAL

Рурална Коалиција објавува оглас за ангажирање на ***<u>програмски соработник</u>*** кој што ќе се вклучи во редовните проектни и програмски активности на организацијата и ќе придонесе кон достигнување на стратешките цели кои што организацијата ги има зацртано и активно ќе придонесува кон унапредување на секторот земјоделство и рурален развој.

Програмскиот соработник потребно е да има:

- Завршено средно или универзитетско образование
- Познавање на сите аспекти на проектното работење и проектниот циклус
- Искуство во работењето со граѓански организации и на проекти од областа на земјоделството и руралниот развој ќе се смета за предност;
- Познавања на состојбите во земјоделството и руралниот развој;
- Основни познавања на ЕУ интеграцискиот процес
- Одлични организациски и комуникациски вештини
- Професионална етика, посветеност, компетитивност, работа со рокови и под притисок
- Активен придонес кон организацискиот развој

Програмскиот соработник ќе има за задача:

- да се вклучува во реализацијата на тековните активности на организацијата во блиска соработка со менаџмент тимот на организацијата и проектните тимови на различните проекти;
- да обезбедува техничка и логистичка поддршка при организирање на јавни настани, обуки, работилници итн.;
- вклучување со свои идеи и предлози во изработката на нови проекти и развивање на проектни и програмски концепти на организацијата;
- вклучување и присуство на теренски активности и комуникацијата со локалните здруженија-партнери на Коалицијата;
- чести посети на семинари, работилници, инфо сесии од интерес за Рурална Коалиција кои што се организираат во Скопје од различни донатори и партнери како и во внатрешноста на државата;
- промоција на организацијата и целите на нејзиното работење;

- истражувања, учество во градењето на ставови на организацијата во секторот земјоделство и рурален развој;

- редовно известување и комуникација со менаџмент тимот на Коалицијата.

Заинтересираните кандидати треба да испратат мотивационо писмо и професионална биографија (CV) на следната електронска адреса: rkoalicija@gmail.com најдоцна до **10 февруари 2020 до 17:00 часот**.